КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"ВОДОВОД" Ц.О.
Бр. 02-255/3
29.07. 20 26 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 25 од Статутот на КЈП „Водовод“ - Кочани Управниот одбор на КЈП „Водовод“ - Кочани на својата 10 - та седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

## За ослободување од камата за заостанат долг

### Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** корисниците на услуги на КЈП,,Водовод,,Кочани, физички лица кои имаат заостанат долг за извршени комунални услуги (тужен, извршен и редовен), да го платат без пресметана камата за задоцнето плаќање доколку го платат целосно во предвидениот рок.

Можноста да се плати долгот без пресметана камата од страна на корисниците е со **определено времетраење** и тоа од **ден 01.08.2026 година до ден 01.11.2026 година**.

По истекот на рокот од став 2 на овој член, оваа одлука престанува да се применува.

### Член 2

Одлуката не важи за правните лица ,органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со Закон и институциите кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија и Општина Кочани, вклучително и Општина Кочани.

### Член 3

Каматата за задоцнето плаќање која ќе произлезе во наредната сметка за комунални услуги, а врз основа на извршената уплата на заостанатиот долг до денот на плаќање, ќе биде финансиски одобрена.

### Член 4

Се задолжува Сметководство, Книговодствена служба, Одделение за наплата пласман и продажба и Одделение за застапување со физички и правни лица за спроведување на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од ден 01.08.2026 година до ден 01.11.2026 година согласно чл.1 ст.1 и ст.2 од оваа Одлука.

**Управен одбор**

**Претседател**

Комунално јавно претпријатие "Водовод" Кочани

______________________

**До**

**1.Со записник**

**2.Архива**

**3. Пом.дир. за екон. и правни работи**

**4.Рак.на одд.за пласман, продажба и наплата**

**5.Рак.на одд. за застапување**

**6.Книговодство**